Јавна установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР
Република Северна Македонија, Битола
Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR PELISTER
Republika e Maqedonisë së Veriut, Manastir

**ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР**
**БИТОЛА**

Бр./Nr. 03-223/1
17.07 20 24 год./vit
Битола-Manastir

# ЈАВЕН ПОВИК

Согласно своите надлежности определени во член 141-а од Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и член 72 став 3 и став 4 од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 33/15, 44/15, 07/16 и 39/16), ЈУ НП Пелистер објавува ЈАВЕН ПОВИК за доставување на барања за склучување на спогодба за вршење дејност - откуп на боровинки, на територијата на НП Пелистер, со надоместок.

Јавната установа за потребите на јавниот повик ги издава следните документи:

- БАРАЊЕ за склучување на спогодба за откуп на боровинки преку откупни пунктови за 2024 година,
- ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОТКУП на вкупни количини на боровинки, и
- Дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање за откуп на боровинки.

Горенаведените документи, во интегрална форма, се објавуваат во електронска верзија на интернет страната на ЈУ НП Пелистер www.park-pelister.com, од кадешто може да бидат превземени.

Право на доставување на барање има секое заинтересирано домашно правно лице кое ги исполнува следните услови:

1. Да има регистрирана дејност за вршење откуп на боровинки;

Како доказ за исполнување на горенаведениот услов, правното лице кон Барањето за склучување на договор ќе треба да го достави следниов документ за утврдување на неговата способност:

- ДРД образец или тековна состојба.

Се повикуваат сите заинтересирани домашни правни лица кои ги исполнуваат горенаведените критериуми од денот на објавување на Јавниот повик на веб страната на ЈУ НП Пелистер, во тековната година да достават барање за склучување на спогодба заедно со останатите документи на e-mail адреса np.pelister@yahoo.com, со предмет: „Барање за склучување на договор за откуп на боровинки на територијата на НП Пелистер".

Со почит,

ЈУ НП „Пелистер" - Битола

ул. Виенска, бр.14 Битола, Република Северна Македонија
Тел./Фах.:+389 47 233 464 ; 00389 47 233 668; www.park-pelister.com; e-mail: np.pelister@yahoo.com
бр. на жс: 500-000000-5140-30, депонент Стопанска Банка Битола